Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ



# СЕКОЈ ОД НАС Е ОДГОВОРЕН ЗА „ОПШТЕСТВЕНАТА ОДГОВОРНОСТ“

*Управата за јавни приходи разви посебна општествена одговорна програма која се фокусира на различни целни групи од потесната и пошироката општествена заедница.*
*Програмата која неколку години по ред се спроведува, а која ја вклучува и активната соработката со Синдикалната организација на УЈП, се фокусира на најранливите категории на граѓани, најмладите, вработените во УЈП, животната средина...преку организирање на крводарителски акции, донаторска помош, вградување на мерки и активности на даночната администрација за подигање на свеста и едукација за заштита на животната средина, едукативни програми за јакнење на даночната свест кај најмладите...*

Со цел промоција на општествените вредности, кои ги вградивме во секојдневното делување на нашата организација, а во пресрет на одбележувањето на Денот на даночници „29-ти Ноември“, од 25 до 27 Ноември ќе ги реализираме:

- **(Струмица, 25.11.2015) Хуманитарната акција под мотото „Биди човек, биди хуман!“**
  Според потребите на ПОУ „Свети Климент Охридски“ (Ново Село, Струмица), обезбедени се помагала и техничка опрема неопходни за образовниот процес на децата од ова посебно основно училиште во вредност од 93 илјади денари, симболична донација од вработените во Управата за јавни приходи со кој се надеваме дека ќе придонесеме за подобра грижа и услови за образование на најмладите.
  Донирaниот прилог е наменет за 46 ученици кои престојуваат во ПОУ „Свети Климент Охридски“. Хуманитарната акција под мотото „Биди човек, биди хуман!“ се одржува традиционално по четврти пат во соработка со Синдикалната организација на УЈП.
  Децата заслужуваат безусловна грижа и љубов која е обврска на сите општествени чинители, на семејството, институциите, на сите нас.

- **(27.11.2015) Крводарителска акција „Капка крв, спасува живот“**
  Во пресрет на одбележувањето на Св. Матеј - Денот на даночниците (29-ти Ноември) и во рамките на програмата за општествена одговорност на Управата за јавни приходи, 120 даночници ќе даруваат крв на 16 пункта низ Македонија, поставени во центрите за дарување крв во: Скопје, Битола, Тетово, Гостивар, Кичево, Охрид, Прилеп, Кавадарци, Велес, Гевгелија, Струмица, Штип, Куманово, Струга, Кочани и еден мобилен пункт за дарување крв во Кратово.
  Дарувањето на крв е наша привилегија и останува наша надеж дека со еден мал гест на хуманост ќе помогнеме во спасување не нечиј живот...

- **(26.11.2015) Фудбалски натпревар помеѓу даночниците од Штип и од Скопје**
  Промовирањето на спортски и натпреварувачки дух, е основниот мотив за организацијата на овој настан, на кој тимот на даночниците од Регионалната дирекција Штип, од една страна, и тимот составен од скопските организациони единици на Управата, од друга страна, ќе ги одмерат своите сили.
  Фудбалски натпревар помеѓу вработените на УЈП ќе се одржи во спортската сала на ОУ „Блаже Конески“ (општина Аеродром, Скопје) на 26.11.2015 година, со почеток во 12:00 часот.

Бр. 10-6941/1, 24.11.2015 година
Канцеларија за односи со јавноста и комуникација
Тел: 02/3299 597; 075/327 270
е-пошта: vesna.novakovic@ujp.gov.mk
www.ujp.gov.mk